# совет за етика во медиумите на македонија

08.07.2015г.

**О Д Л У К А**

**за запирање на постапката по предметот – Артан Груби Vs.Тетова Сот**

До Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на ден 06.03.2015 година, лицето Артан Груби поднесе жалба за текстот „Lodraxhiu" ka frikë mos i plase Lodra, kërkon ekspert nga Brukseli", објавен на интернет порталот Тетова Сот, на 28.02.2015 година. Груби во жалбата наведува дека текстот содржи навреда, лага, клевета, омраза и неетичко известување и кон жалбата приложи активен линк од текстот.

Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, веднаш по приемот на жалбата, истата ја препрати до интернет порталот Тетова Сот со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Редакцијата од Тетова Сот достави одговор на наводите на жалителот, притоа објаснувајќи дека делумно се согласуваат со изнесените аргументи за неетичко информирање.. Оттаму објаснуваат дека конкретниот текст бил замислен во форма на козерија, кој како новинарски жанр овозможува поширока слобода на изразување, без намера да се дискредитира, навредува и да ги прекрши етичките стандарди. Во продолжение на одговорот се истакнува дека редакцијата е отворена за соработка и за дополнително објаснување, како и дека стојат на располагање за понатамошен процес на дијалог и посредување.

По добиениот одговор од редакцијата на Тетова Сот, Артан Груби укажа дека очекува повлекување на текстот на кој реагирал, како и објавување извинување до него на истото место каде што е објавен текстот.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

# совет за етика во медиумите на македонија

Од редакцијата на Тетова Сот одговорија дека текстот е веќе отстранет, но дека не гледаат потреба од извинување бидејќи станувало збор за козерија.

По ова Комисијата повторно се обрати до Артан Груби со барање да се произнесе дали е задоволен само со отстранување на текстот, со напомена дека доколку не се произнесе во периодот опфатен со деловничките рокови постапката ќе биде запрена.

По ова СЕММ не доби одговор од страна на Артан Груби.

Со оглед на тоа што се поминати деловничките рокови, на седницата на 06.07.2015 година, Комисијата за жалби одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски, Филип Ѓурчиновски и Сефер Тахири.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Мирче Адамчевски

---

Претседател на Комисијата за жалби

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595